Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
15.05.2015 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

**Од шестата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, **одржана** на ден **15 мај 2015 година**, со почеток во **12.30 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Наџинска и записничар Маријана Трајкова.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Информација за измена на ДУП за дел од улица Брегалничка;
2. Иницијатива за уредување на дворното место во кругот на поранешната фабрика Астибо;
3. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** го усвоија следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Информација за измена на ДУП за дел од улица Брегалничка;
2. Иницијатива за уредување на дворното место во кругот на поранешната фабрика Астибо;
3. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред –** Информација за измена на ДУП за дел од улица Брегалничка;

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев, при што што истакна дека измената на ДУП за дел од улицата Брегалничка е неопходно да се направи од причина што на повеќе наврати жителите од нас.Брегалничка тоа го побараа. Населбата е стара и навистина има потреба од измена на ДУП за тој дел и со тоа поголем дел од проблемите на жителите ќе биде решен.

Членовите на Економскиот совет ја дадоа својата подршка за реализација на оваа иницијатива.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(10-за)** ја усвоија точка 1 од дневниот ред со следниот заклучок.

1. Да се изврши промена на ДУП за дел од улица Брегалничка.
4. **Точка 2 од дневниот ред –** Иницијатива за уредување на дворното место во кругот на поранешната фабрика Астибо;

Воведно образложение по ова точка даде советникот на градоначалникот Нада Наџинска која ја истакна потребата од уредување на дворното место во кругот на поранешната фабрика Астибо. Притоа истанка дека станува збор на поголем простор на кој се наоѓаат повеќе број на конфекции кои имаат различни сопственици, па ја користи оваа прилика да ги поттикне сопствениците самостојно да си ги уредат двориите површини пред нивните погони со цел подобар работен амбиент како и најважното подобра слика за клиентите, а со тоа и подобра слика за градот Штип, кој што сакаме да биде урбано место за живеење и работа.

Иницијативата беше едногласно поддржана од страна на членовите на Економскиот совет и истата беше прифатена во целост, со тоа што во наредниот период сопствениците ќе започнат со активности за уредување на дворните места.

Градоначалникот ја истака и потребата од оваа акција да биде континуирана со што би се овозможило и постојано одржување на просторот пред индустриските објекти.

**Точка 3 од дневниот ред –** Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 14.00 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

Записничар
Маријана Трајкова